РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, ГРАДЕЖНИШТВО
АРХИТЕКТУРА И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
Бр.11-682/6
05.11.2019 год.
ГЕВГЕЛИЈА

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 62 од Статутот на Општина Гевгелија, и донесената Програма за измена на Годишната програма за изработување на урбанистички планови на Општина Гевгелија за 2019 година Градоначалникот на Општина Гевгелија го дава следното:

## С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваат физичките и правните лица од опфатот на Деталниот урбанистички план за дел од блок 4 (дел од 4.3) КО Гевгелија, општина Гевгелија дека Градоначалникот на општина Гевгелија донесе Одлука за спроведување на

**Јавна презентација и Јавна анкета за**
**Детален урбанистички план за дел од блок 4 (дел од 4.3) КО Гевгелија, општина Гевгелија**

Границата на планскиот опфат е:

- од јужната страна се движи по осовина на улица „Новопланирана 2“,
- од источната страна се движи по осовина на улица „Западна собирна“
- од северната страна се движи по осовина на улица „Новопланирана1“,
- од западната страна се движи по осовина на улица „Новопланирана5“

Деталниот урбанистички план за дел од блок 4 (дел од 4.3) општина Гевгелија зафаќа површина од 1.25 ха.

**Јавната презентација** со стручно презентирање на планот **ќе се одржи на ден 12.11.2019 година во 11:00 часот во малата сала на Народниот Театар во Гевгелија.**

Деталниот урбанистички план за дел од блок 4 (дел од 4.3) КО Гевгелија, општина Гевгелија, ке биде изложен во просториите на одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина при општина Гевгелија и на web страната на општината.

**Јавната анкета** ќе трае 10 работни дена и тоа **од 12.11.2019 година до 26.11.2019 година, секој работен ден од 08 до 16 часот.**

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови кои можат да ги подигнат во одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина при општина Гевгелија или преку информацискиот систем е-урбанизам.

Градоначалник на
општина Гевгелија
**м-р Сашо Поцков**